**Здружение на финансиски работници**
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-50
09.03.2026 година
В е л е с

До
Сектор / одделение за финансии,
буџет / Сметководство / ревизија

**Предмет**: Покана за работилница

Почитувани,

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија, следејќи ги новините во законската регулатива, како и потребата и барањата за обука, потребата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации и зголемување на вештините, со задоволство Ве поканува на работилницата:

**„АКТУЕЛНИ ТЕМИ, МОЖНОСТИ И ПРЕДИЗВИЦИ“**

која ќе се одржи на **17 Март 2026 година во хотел „Гардениа“, Велес.** Почетокот на работилницата е закажан во 9.30 часот.

Работилницата претставува одлична можност заедно со обезбедениот квалитетен експерт-практичар: дипл.екон. Бранислав Гулев да се разгледаат и апсолвираат новините во законската регулатива поврзани со финансиското работење во јавниот сектор, како и одлична можност за размена на знаења, долгогодишни искуства, добри практики, информации и насоки за правилно, навремено и точно работење во областа на финансиите во јавниот сектор.Во текот на работилницата ќе бидат разработени следните теми и области:

- **Губење на правото на реинвестирана добивка**
- **Благајничко работење за 2026 година**
- **Закон за извршување на Буџет на РСМ за 2026 година**
- **Годишен одмор и регрес**
- **МСС – Залихи и воспоставување на материјална евиденција**
- **Измени на Законот за користење и располагање со ствари во државна и општинска сопственост**
- **Остварување на право и пресметка на додатоци на плата**
- **Користење на сопствено возило**
- **Прашања, одговори, дискусии**

Темите на работилницата се актуелни и неопходни за правилно и законско постапување. Тие се однесуваат на сите институции од јавниот сектор и се релевантни за единиците на локалната самоуправа, буџетски корисници, единки корисници, јавните здравствени установи, јавните установи, јавни претпријатија / јавни комунални претпријатија, акционерски друштва и други заинтересирани страни.

Надоместокот за учество на работилницата е задолжителен за сите пријавени за учество на работилницата и изнесува: само **7.875,00 денари (со ДДВ)** по учесник со вклучени работни материјали, кафе пауза и ручек. За повеќе од две лица – учесници на работилницата, од иста институција, одобруваме попуст од 10% на вкупната сума за сите учесници.

Тел. ++389 43 230 623; ++389 43 230 625; e-mail zfrlsjpv@gmail.com веб страна https://zfr.org.mk/
Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје; Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје Даночен број МК 4004997107233

Надоместокот за учество на работилницата можете да ја уплатите на:

**Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

**Пријавување учество за работилница:**

Во функција на добро организирање на работилницата, Ве молиме навремено да го пријавите Вашето присуство во **Здружението на финансиските работници**. Вашите пополнети пријави за учество на работилницата ги очекуваме на емаил: kontakt_zfr@yahoo.com и zfrlsjpv@gmail.com Формуларите - Пријава за учество на работилницата и Агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на финансиски работници, на тел. 043/230-623, моб. 070/265-401; 071/335-930; 076/265-136 или преку наведените емаил адреси.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски